## За интелектуалецот, стравот, институциите и крајот на векот

# DIGITALE AUTONOMIE

Во време на идеолошкиот хаос, јазиците, па сходно на тоа и менталитетите, достигнуваат критички нивоа на дисјунктивност, контрадикторност и дискриминација , така што сето тоа наликува на еден огромен какофониски хор. Единствен релевантен индикатор во сиот тој лавиринт од небулози останува СТРАВОТ. Дали некогаш конформизираниот мејн-стрим интелектуалец од развиениот свет се запрашал од каде толку тага во неговата душа што се дави во океанската здодевност на еден, во голема мера рециклиран свет чиј сознавачки порив веќе одамна е покриен со виртуелниот вел на една схоластичка дидактичност, медијска според својата стратегија, а криминална според својата тактичност. Дали може од позиции на тој гео-политички академизам да се промислуваат разликите и сличностите помеѓу *Маршаловиот* и *Хитлеровиот план*? Дали случајно сте го забележале феноменот на "љубезен фашизам" во вашата близина, нешто што ве исполнува со недефинирливо, амбивалентно чувство на анксиозност и аутизам... некаков нов глобален поларитет поделен со ѕид од авторитети, чуда и тајни...ѕид којшто некои луѓе од Исток го нарекоа"хартиена завеса" алудирајќи на железната.

*Колективната одговорност не е само интеракција на даночната обврска, таа е прастара типологија, стара колку и стравот. Некои се срамат од резултатите на "добрите намери" што владите ги имаа во тие денови на страв... кога уште една генерација "надежни" интелектуалци се зафати со МОЌТА, надевајќи се дека конечно ќе ги среди нештата околу "Вавилонската кула".*

### ИНТЕЛЕКТУАЛЕЦОТ

Но секако дека описот на инфериорните ситуации колку и да бил сугестивен, не вреди премногу во контекстот на глобалниот релативизам -последниот интелектуалистички Back-Up во атмосфера на општа етичко социјална ентропија. Напротив, ваквата пластична тестемонија само го зголемува квантумот на патетичност, творејќи кај реципиентот уште поголема аверзивност, би рекол еден природен тип на реакција на его-механизмот задолжен да го заштити стабилитетот на цивилизираниот западно-граѓански модел. Така јазот само се продлабочува, а конструктивниот дијалог кој пред сè подразбира двострана емпатија, станува некаква хипотетичка апстракција поместена во теориските сфери на еден исфантазиран судски процес во кој едните ги обвинуваат другите без некоја посериозна склоност за анализа, приоритетно базирана на интроспекција. Романтичарите пак кои ја затскриваат својата неконтролибилност со френетичен порив за правда, всушност само го ротираат стариот, истрошен мастурбантски круг на самопромоција и тоа -каква збрка - доколку не бидат искористени за некакви "радикализации"стануваат гротескни рецитатори на безвредна и однапред позната содржина.




### "НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК"

Во "увертирата" на "Новиот светски поредок" кој не е ништо повеќе од една финансиско-технократска мундијализација чиј неоколонијализам почнува да стекнува прилично транспарентни својства, медиумите ја изгубија својата сакрална вредност. Таа загуба всушност ја иницира кризата на идеологиите, што, повторно пак, иницира криза на идентитетот кај масите поради фрагментарноста во колективната свест загубена во историцистички дискурс. Од тоа се добива некаква контролирана, а сеуште "авантуристичка" опција, која во најмала рака е лишена од било каква етика , па така неминовно завршува во кичерајска соц-епизода од типот: транзиција. Така "транзицијата" станува еден вид биполарен алиби, всушност една темна и морбидна метаморфоза на системите кои станаа толку комплексни и автархични во своите девијации, што само метафоричката

прикаска за сеопштата "конспирација" може сеуште да произведува некакви глобални објаснувањаво кои митолошката свест ќе го пронајде својот супститут за веќе поодамна загубената идеолошка проекција. Значи стварноста стана сатира. Уште во шеесетите папсаниот модернизам со вехементна деструктивност го разобличуваше интиматот, на тој начин симултано укинувајќи го својот традиционален медиски систем. Естетиката исчезна оставајќи зад себе несогледлива комплексност од контексти.

### ИНСТИТУЦИИТЕ И ТРЕТИОТ МИЛЕНИУМ

Дали тоа значи дека во нумеричката иднина од типот "Трет Милениум" ќе влеземе со една не само неминовна туку и потребна регресија која го става пред тежок критички испит митот за прогресот, конституиран уште во деветнаесеттиот век од страна на сајантифизмот како глобално интелектуалистичко движење и секако модернистичките идеологии како културно-социјални експерименти на финансиско-политичките и теоретичарските елити на дваесеттиот век. Фактот што единствено прикаската за "балканизацијата" и егзотизмот на третиот свет сеуште поседуваат некаков мистификаторски супстрат, укажува на еден хиберниран состав во кој по малку разочарано влегува Западната култура.

Таа разочараност не е онаа симулирана, романтична суицидност што "заведуваше" во времето на дадаизмот и надреализмот, ниту онаа ослободувачка дисперзивност од шеесетите (концептуализмот). Оваа разочараност е некој вид "сурово будење" во свет на каузалитети, во свет каде растечкиот број на автономните медиуми поврзани во една гигантска техно-мрежа вршат константна контекстуална деконструкција на централизираните "гиганти" и нивната пропагандистичка опсена која ги затскрива интересите на крупниот капитал, воено-индустрискиот комплекс и бизнис-политичките мафии. Така идеологијата на профитот (или да го наречеме овој феномен: "сублимиран инстинкт за акумулација") во својата пазарна догматичност создава можност за појава на безброј алтернативни симулации кои во краен ефект делуваат ентрописки на етаблираните системи во сизифовскиот обид да ја демаскираат виртуелноста и супститутивноста на исфантазираните авторитарни конвенции - Институциите.

***Александар СТАНКОСКИ***



**Подготвува: Никола Столев, мајстор на проблемскиот шах**

# ВИЛИЈАМ ШИНКМАН

Меѓу плејадата стари мајстори на проблемскиот шах Американецот **William Shinkman** (1847-1933) има посебно место. Роден во Чешка, со проблемската активност започнува на 23. годишна возраст. Неговото творештво се карактеризира пред се како оригинално. Парадоксалните и тешки воведни потези со кои се решава загатката, во економична изведба при што постои максимална искористеност на силата на фигурите се препознатливи елементи во делата на овој плоден автор.

Работејќи ги шаховските композиции во серија, тој одредена идеја ја развиваше на различни начини. Така доаѓаше до најдобрата форма, а тој начин на компонирање придонесе за големиот број објавени композиции - вкупно околу 4.000 !. Беше близок соработник на С.Лојд. Во 1929 година издаден е зборник на 600 негови дела - *Golden Argosy*.

Изборот со кој го претставуваме овој автор ги содржи основните карактеристики на неговите дела и верувам дека ќе им се допадне на решавачите.

Настојувајќи да го претставиме делото на македонскиот велемајстор Ж. Јаневски, од групата матови во 2 потега се определив за бр. 91 како дело од современата продукција на овој плоден автор.

**W.A.SHINKMAN**
97 Deutsche Schachzeitung, 1876



#2 6+3

**W.A.SHINKMAN**
98 Brentano's Monthly, 1880



#2 7+4

**W.A.SHINKMAN**
99 Checkmate, 1903



#3 7+2

Проблемот, освојувајќи го највисокото одликување во мечот со Хрватска, ја обработува темата *идеален Рухлис.*

Во почетната позиција се подготвени четири матови на 1.-, Ле4 :/ Де5 / Тх5 / Тд8. Обидот 1.Д ц6 1? со закана 2.Дц5 мат не оди поради 1.-,Дх5! и тој заедно со решението **1. Тг5!** сочинуваат две рамноправни фази.

Основната поента во бр. 92 е цикличната игра на белиот меѓу 2. и 3. потег во форма АБ-БЦ-ЦД-ДА.

Во дадената позиција решава **1.е3!** (со закана 2.Тд6: +, ф6 3.Лф6: мат). Црниот се брани со: **1.-, Сее3: 2.Сф3+-А; 1.-, Тф5 2.д4+-Б; 1.-,Сге3: 2.Сд3+-Ц; 1.-,Дц5 2.ф4+-Д.**

Кај бр. 93 во две варијанти авторот прикажува матирање на црниот крал на поле на кое тој се наоѓа во почетната позиција.

Решава неочекувано **1.Кб7!** со закана 2.Дб6: +, Сц5 3.Дц5:+-,Ке4 4.Сд6 мат.

Во двете тематски одбрани (**1.-,Та6: 2.Лф2:+,Кф4 3.г3+; 1.-,Лф8 2.Те2+,Кд3 3.Тцд2+**) црниот ги одвлекува своите долгоодни фигури (Т,Л) од бојното поле и ја отвора е-линијата.

Тоа белиот го користи за да ја оствари својата цел.